шти поими за регистрираните во нив лица: Словени, Христијани, Власи и сл. При тоа е нагласувано потеклото на лицата, на пр. Лазар Дума Панча од Сјатиста-Македонија, Коста Јанковиќ од Клисура-Македонија, Константин Чачапа од Костур-Македонија и др. (док. бр. 47, 181, 282 и др.)

Иако архивската граѓа, за која станува збор, делумно е користена во српската и македонската историографија, нејзиното систематско истражување и претставување на научната и поширокaта јавност има големо значење, бидејќи таа содржи богат и разновиден материјал за изучување на минатото на македонскиот народ во означениот период. Бидејќи дел од документите содржат податоци и за настаните што се одиграле вон границите на Македонија и Србија, тие имаат значење и за другите јужнословенски и балкански народи. На историчарите, економистите, правниците и другите научни и други работници кои се интересираат за споменатата проблематика а кои не се служат со словенски јазик, ќе им бидат од помош регестите на документите кои се преведени на француски јазик.

Она што заслужува да се истакне за оваа едиција е и успешната соработка меѓу двете културни институции од две социјалистички републики, која треба да служи како пример за соработка меѓу исти или сродни институции. Меѓутоа ќе забележиме дека, во книгите се допуштени прилично технички грешки, што можеби се резултат на застапеноста на неколку јазици, или на брзината при нивното финализирање.

Милка ЗДРАВЕВА

## Д-р Славко ДИМЕВСКИ, БОРБАТА ЗА АФТОКЕФАЛНОСТ НА ПРАВОСЛАВНИТЕ ЦРКВИ ВО ЕВРОПА СОЗДАДЕНИ ВО XX ВЕК, Скопје, 1979, 127

Во издание на Богословскиот факултет „Св. Климент Охридски“ при Македонската православна црква во Скопје излезе од печат публикацијата под наслов „БОРБАТА ЗА АФТОКЕФАЛНОСТ НА ПРАВОСЛАВНИТЕ ЦРКВИ ВО ЕВРОПА СОЗДАДЕНИ ВО XX ВЕК“. Автор на трудот е д-р Славко Димевски, научен советник во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, познат македонски историчар, публицист и еден од ретките познавачи на црковната историја кај нас.

Главната цел на авторот, со публикувањето на трудот, била да се осврне на процесот на осамостојување на православните цркви во Европа. Особено ова прашање било актуелно во XX век, во ерата на создавање на национални држави, кои веднаш по своето државно-правно конституирање го поставиле прашањето околу осамостојувањето на свои-

те црковни институции. Бидејќи некои народи задоцниле во своето државно и црковно конституирање, тоа свое право го создаваат по втората светска империјалистичка војна, кога условите за тоа наполно созреваат. Во таква ситуација се наоѓаат и православните Македонци во СР Македонија, на кое прашање авторот исто така му обрнува соодветно внимание.

Покрај предговорот и белешките, кои се поместени на крајот на трудот, публикацијата е поделена на девет глави, а овие пак на повеќе подглави.

Првата глава е посветена на историјата на Српската православна црква од нејзиното создавање до денес. На прво место во оваа глава Димевски се задржува на прогласувањето на Српската архиепископија во почетокот на XIII век, потоа на нејзиното прераснување во патријаршија и друго. Интересно е да се одбележи дека изборот на првиот српски патријарх Јоаникие II бил извршен од страна на Охридскиот архиепископ и Трновскиот патријарх на црковно-народниот *собир* во Скопје во 1346 години во времето на крунисувањето на Душан силни со царска круна. Понатаму Димевски го следи неосетното прекутното укинување на Пеќската патријаршија меѓу 1453-1466 година заедно со постепеното потпаѓање на Србија под турска власт, потоа нејзиното обновување во 1557 и повторно укинување во 1766 година. Во оваа глава Димевски се задржува и на црковната историја на Карловачката и Зетската митрополија, како црковни институции на српското православно население во Унгарија и Австрија, односно на православните Црногорци. Во крајот на оваа глава авторот се задржува на поновата историја на српската црква под јурисдикција на Цариградската патријаршија, потоа нејзиното автономно осамостојување од 1831 година па се до обединувањето на Српската православна црква и воспоставувањето на српската патријаршија во 1920 година.

Втората глава е посветена на црковната историја на Грчката (еладска) црква. Тука доминираат прашањата поврзани околу независната православна црква во грчкото кралство, грчката црква по признавањето на нејзинат афтокефалност, борбите за канонско уредување на Грчката црква и друго.

Третата глава се однесува на Романската православна црква. Во оваа глава авторот најпрво се задржува на христијанството меѓу Даките, потоа на создавањето и кратката историја на Унгаровлашката, Молдавската или Молдавсковлашката митрополија, на преродбата на романскиот народ, на создавањето на Влашкото и Молдавско кнежевство и на прогласувањето на Романската патријаршија.

Четвртата глава е посветена на Албанската архиепископија. Во оваа глава, во кратки црти, авторот се задржува на историјата на христијанската црква во Албанија и Албанската православна црква.

Петтата, шестата и седмата глава е посветена на Чехословачката православна црква, на Пол-

ската православна митрополија и на Финската архиепископија.

Осмата глава се однесува на историјата на Бугарската православна црква. Во оваа прилика Димевски се задржува на одделни моменти од создавањето на бугарската црква во 870, потоа нејзиното прераснување во 1186 година во Трновска архиепископија, односно патријаршија, па сè до нејзиното укинување во 1393 година од страна на турско-османските освојувачи. Во понатамошното свое излагање по ова прашање, Димевски се осврнува на историјата на бугарската црква под османлиска власт, борбата за еманципација од Цариградската патријаршија, создавањето на Бугарската егзархија во 1870 година, потоа развитокот, дејноста и асимилаторската политика на Егзархијата надвор од границите на Бугарија, сè до нејзиното прераснување во повисок чин под името Бугарска патријаршија на 10 мај 1953 година.

Деветтата, последна глава е посветена на историјата на Македонската православна црква. Ова прашање авторот започнал да го следи уште од античко време, па преку создавањето на Самостојна архиепископија (Прва јустинијана) во времето на византиското владеење со Македонија, преселувањето на Македонските Словени во Македонија и раширувањето на христијанството меѓу нив, основањето на првата словенска епископија со седиште во Охрид и друго. Достаточен простор авторот му обрнал на прашањето околу создавањето и дејноста на Охридската патријаршија, основана во времето на создавањето на Самоиловото царство (976-1018), симнувањето на Охридската патријаршија во ранг на архиепископија и нејзиното проширување на поголем дел од Балканскиот Полуостров сè до нејзиното укинување во 1767 година. Во понатамошното излагање авторот се задржува на распарчувањето на Македонија и македонските епархии помеѓу Цариградската патријаршија, Бугарската егзархија и автономната српска црква, потоа борбите на македонското граѓанство против пропагандната дејност на спомнативе црковни институции во Македонија и стремежот за обновување на Охридската архиепископија и друго. На крајот од своите изнесувања авторот се задржува на црковната положба во Македонија меѓу двете светски војни, во текот на Втората светска империјалистичка војна, потоа признавањето на самостојноста на Македонската православна црква (1959) и нејзиното прогласување за афтокефална црква во 1967 година, сега како Охридско-македонска архиепископија, точно двеста години по нејзиното укинување.

Потребно е да подвлечеме дека Славко Димевски во кратки црти нè запознава со политичката историја на народите каде што се основале и дејствувале горепосочените девет православни црковни институции, потоа во нешто поголем обем се задржува на црковната историја на спомнативе цркви.

Публикацијата „Борба за афтокефалност на православните цркви во Европа создадени во

XX век" секако преставува интересен и мошне корисен прилог кон историјата на српската, грчката, романската, албанската, чехословачката, полската, финската, бугарската и македонската православна црква. За македонската историска, и пред сè црковна наука од интерес се главите посветени на историјата на македонската православна црква од најстари времиња до денес, потоа историјата на српската, грчката и бугарската православна црква, под кои институции во одредени временски периоди се наоѓале под нивна јурисдикција одделни или цели македонски епархии и против чија асимилаторска дејност ќе поведе борба македонскиот народ со цел за обновување на Охридската архиепископија, т.е. добивање на афтокефална македонска црква.

Александар ТРАЈАНОВСКИ

**Боро МИТРОВСКИ — Томо РИСТОВСКИ, ГЕОРГИ ДИМИТРОВ ЗА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ И ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ, Наша книга Скопје 1979, 160**

Книгата на Боро Митровски и Томо Ристовски *Георги Димитров за македонското национално прашање и југословенско-бугарските односи,* се појави во годината кога се навршија 30 години од смртта на Георги Димитров, човекот што целиот свој живот ѝ го посвети на борбата на работничката класа кој стоеше на чело на бугарското работничко движење од првата деценија на нашиот век, познатиот раководител на меѓународното работничко движење, непомирливиот борец против фашизмот во светот, соработник и близок пријател на Јосип Броз Тито и на југословенските народи и еден од ретките раководители на БКП кој имаше правилен став по македонското национално прашање.

Композициски, книгата содржи: Белешка на авторите, Биографска белешка за Георги Димитров и шест глави.

Првата глава носи наслов *„Пристапот на Бугарија кон Тројниот пакт — Политичката положба во Кралска Југославија — Бугарското предавство спрема, Југославија — Бугарија како оружје на фашистичка Германија за поробување на балканските народи и борбата против Антихитлеровската коалиција — Георги Димитров и окупацијата на Југославија"*. (13—46). Во неа авторите направиле осврт на политичката ситуација во светот по избувнувањето на Втората светска војна и ориентирањето на бугарската влада и бугарскиот двор кон фашистичка Германија и на политичката ситуација во Југославија, при што е истакната активноста на револуционерните сили во Југославија по 1935 година и посебно на консолидацијата на Партијата и нејзината забележителна